Информативно гласило на Град

# Скопје

| Број 22 | Година IV | 16.11.2011г. |

Бесплатен примерок



# ТУРБО КРУЖЕН ТЕК НА БУЛЕВАРОТ МИТРОПОЛИТ ТЕОДОСИЈ ГОЛОГАНОВ






# ТУРБО КРУЖНА КРСТОСНИЦА НА БУЛЕВАРОТ МИТРОПОЛИТ ТЕОДОСИЈ ГОЛОГАНОВ

Турбо кружен тек минатиот месец ја замени крстосницата меѓу улиците Митрополит Теодосиј Гологанов, Костурски херои и Мито Хаџивасилев Јасмин, пред Католичката црква. Ова сообраќајно решение, прво од ваков вид во Скопје, е белег на капиталниот проект за проширување и реконструкција на булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов којшто почна на 13 мај годинава. Градот Скопје успешно го заврши овој проект за само пет месеци, а на 7 октомври проширениот булевар и официјално го отворија за сообраќај градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски и градоначалниот на општината Центар, Владимир Тодоровиќ.

- Проширувањето на постојната улица Митрополит Теодосиј Гологанов се одвиваше на потегот од улицата Франклин Рузвелт до улицата Костурски херои (еден крак) и кон улицата Мито Хаџивасилев Јасмин до свртувањето надесно кон улицата Народен фронт (втор крак). Сообраќајницата е проширена од десната страна во насока од општината Кар-







пош кон општината Центар во вкупна должина од 1 600 метри. Новоформираниот булевар доби 4 сообраќајни ленти (по две во секоја насока) со вкупна широчина од 13 метри. Двете нови семафоризирани крстосници, на улицата 9.Мај и на свртувањето кон улицата Народен фронт го регулираат протокот на возила во новиот кружен тек пред Католичката црква. Околу кружниот тек ќе се постави метална заштитна ограда во должина од 280 метри што ќе ја гарантира безбедноста на пешаците. Новоформираниот коловоз на улицата Митрополит Теодосиј Гологанов е асфалтиран на површина од околу 20 000 квадратни метри, при што завршниот слој асфалт е изработен со полимер којшто го забавува стареењето на асфалтот и формирањето траги од движењето на возилата за повеќе години. Од левата страна (гледано во насока од Карпош кон Центар) булеварот ќе го осветлуваат постојните 30 столбови за улично осветлување коишто се бојадисани. На постојните столбови се заменети краците за светилките. Од десната страна на сообраќајницата, пак, се поставени 35 нови светлосни столба. Од нив 6 столба се со две светилки, а другите се со една светилка од 250 W. Новото осветлување на улицата Митрополит Теодосиј Гологанов го поставија екипите на „Магнус инжиненеринг", а за негова реализација Градот Скопје потроши околу 5,2 милиони денари. Стручни екипи извршија мерење на новото улично осветлување и утврдија дека тоа ги задоволува меѓународните пропишани стандарди за осветлување на ваков профил сообраќајници – рече градоначалникот Трајановски, на отворањето на новиот булевар.

Тој додаде дека реализацијата на овој капитален проект во голема мера ќе придонесе за решавање на сообраќајните проблеми во централното градско подрачје, ќе се зголеми проточноста на возила и ќе се намали времето на патување, што ќе придонесе и за заштита на животната средина.

- Треба да се нагласи дека формирањето на кружниот сообраќаен тек директно влијае врз зголемувањето на безбедноста во сообраќајот во овој дел на градот. На проширување и реконструкција на булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов работеа екипите на градежната фирма „Бауер БГ". За целосна рекон-






струкција на булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов Градот Скопје потроши околу 96 милиони денари. Втората фаза од овој капитален проект продолжува со подготовка на инфраструктурен проект за проширување на булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов од вкрстувањето со улицата Франклин Рузвелт до улицата Московска. Градот Скопје ќе продолжи да реализира проекти за растоварување на сообраќајниот метеж во градот и дека наредниот капитален проект на којшто ќе се посветиме ќе биде проектот за проширување на улицата Првомајска – најави градоначалникот Трајановски.

Со проектот за проширување и реконструкција на булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов, улицата 9.Мај е отворена како еднонасочна, при што овој дел е семафоризиран. Еднонасочен сообраќај е воведен и на улицата Костурски херои. Улицата Христо Смирненски останува затворена за сообраќај, исто како и улицата Христо Поп Арсов. На двете улици се монтираат заштитни столпчиња.

На новоформираниот коловоз се изведени две проширувања за автобуски стојалишта. Тротоарите се широки по 3,5 метри и се покриени со бекатон плочки на површина од 8 000 квадратни метри.

Атмосферските води од новопроширената улица ќе се слеваат во постојната атмосферска канализација којашто е реконструирана, а се изведени и 32 нови шахти и 68 нови сливници за одведување на дождовницата. Во текот на градежните работи за проширување на булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов беше извршено согласување на подземните инсталации за сите иматели, во посебни коридори по должината на коловозот.

Во средишниот дел од кружниот тек на површина од 720 квадратни метри е поставена хидрантска мрежа од 50 метри, подигнат е тревник и се засадени 1 250 цвеќиња. Поставени се и 16 поп-ап прскалки за полевање на кружната површина. На потегот од семафорите кај АМСМ до игралиштето за мал фудбал се работеше на површина од 2 050 м2 при што е поставена хидрантска мрежа од 380 метри. Градот Скопје ќе насади нови 100 дрвја по должината на сообраќајницата коишто ќе се полеваат со систем капка по капка.



## НЕ ЈА БЛОКИРАЈ КРСТОСНИЦАТА

За да се регулира протокот на возила во кружната крстосница и да не дојде до блокирање на сообраќајот Градот Скопје на булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов за првпат во Скопје постави сообраќаен знак „Не ја блокирај сообраќајницата", а со мрежа е обележен и коловозот.

Коловозот е обележен со мрежа од дијагонални и ортогонални линии во црвена боја. На сите приоди кон крстосницата е поставен и сообраќаен знак којшто ги информира возачите дека просторот во крстосницата е обележан и ги предупредува да не ја блокираат, што многу често се случува кога има метеж во сообраќајот.

Главна придобивка од новата сигнализација е зголемувањето на проточноста на крстосницата и зголемувањето на безбедноста во сообраќајот преку намалување на можноста за судар со возило коешто чека во крстосницата.

# ПРАВИЛА ЗА ВОЗЕЊЕ ВО ТУРБО КРУЖНА КРСТОСНИЦА

Возилата што се движат во кружниот тек имаат предност пред возилата коишто сакаат да навлезат во кружниот тек.

**Слика 1:** Можно движење на возилата коишто доаѓаат од населбата Карпош. За движење кон Водно и кон Клиничкиот центар возачите се должни да ја заземат десната сообраќајна лента (црвена боја), да ги пропуштат возилата во кружниот тек и да продолжат да се движат по надворешната сообраќајна лента на кружниот тек. За движење кон строгиот центар на градот, кон Католичка црква, односно кон Универзална сала и назад кон населбата Карпош, возачите се должни да ја заземат левата сообраќајна лента (жолта боја), да ги пропуштат возилата во кружниот тек, да почнат да се движат по внатрешната и да го продолжат движењето по надворешната сообраќајна лента на кружниот тек.



**Слика 2:** Можно движење од улицата Мито Хаџивасилев Јасмин, од Домот на печат кон населбата Карпош. Возачите може да ја заземат и левата и десната сообраќајна лента, да ги пропуштат возилата во кружниот тек и да продолжат да се движат по надворешната или по внатрешната сообраќајна лента на кружниот тек во зависност од тоа која лента ја заземале претходно. За движење кон строгиот центар на градот и кон Католичката црква возачите се должни да ја заземат десната сообраќајна лента (црвена боја) - кон строгиот центар на градот возачите можат да завртат десно без да навлегуваат во кружниот тек, односно се должни да се движат по посебната лента за десно свртување и да ги пропуштат возилата коишто излегуваат од кружниот тек и се движат кон строгиот центар на градот, а возачите коишто сакаат да се движат кон Католичката црква се должни да ги пропуштат возилата коишто се движат во кружниот тек, да продолжат да се движат по надворешната сообраќајна лента на кружниот тек и потоа да завртат десно по еднонасочната улица 29.Ноември.



За полукружно свртување односно за движење назад кон улицата Мито Хаџивасилев Јасмин возачите се должни да ја заземат левата сообраќајна лента (жолта боја) и да ги пропуштат возилата што се движат во кружниот тек, да влезат во внатрешната сообраќајна лента и да го продожат движењето по надворешната сообраќајна лента на кружниот тек.

**Слика 3:** Можно движење од центарот на градот кон населбата Карпош, кон улицата 29.Ноември и кон улицата Мито Хаџивасилев Јасмин. За движење кон населбата Карпош возачите може да ја заземат и левата и десната сообраќајна лента, да ги пропуштат возилата во кружниот тек и да продолжат да се движат по надворешната или по внатрешната сообраќајна лента на кружниот тек во зависност од тоа која лента ја заземале претходно. За движење кон Католичката црква, возачите се должни да ја заземат десната сообраќајна лента (црвена боја), да ги пропуштат возилата во кружниот тек, да продолжат да се движат по внатрешната сообраќајна лента во кружниот тек и да свртат десно кон еднонасочната улица 29.Ноември. Возачите коишто имаат намера да се движат кон улицата Мито Хаџивасилев Јасмин, се должни да ја заземат левата сообраќајна лента, да ги пропуштат возилата во кружниот тек, да почнат да се движат по внатрешната сообраќајна лента и да продолжат да се движат по надворешната сообраќајна лента на кружниот тек.





# НОВА ОГРАДА И ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА МОСТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“


Претходно...

Мостот „Гоце Делчев“ доби нова заштитна ограда и ново осветлување. Старата ограда на мостот беше демонтирана во должина од 600 метри (4 пати по 150 метри) и беше поставена нова ограда изработена од цевкасти профили.

- Оградата ја составуваат 148 монтажни елементи со должина од 3,6 метри и височина од 1,2 метри, коишто се поврзани со столпчиња. Столпчињата се високи 135 сантиметри и имаат декоративна алуминиумска облога. Реконструкцијата на заштитната ограда на мостот „Гоце Делчев“ ја изведоа екипите на градеж-









ната фирма „Бауер БГ", а за овој проект Градот Скопје потроши околу 30 милиони денари. На надворешните огради на мостот се монтирани 26 канделабри, по 13 на секоја страна. На 20 канделабри е поставена по една светилка во форма на топка, а на шест (на краевите и на средината на мостот) се поставени по 5 светилки во облик на фенер. Овие светилки се во жолта боја и ќе се користат за декоративно осветлување и за осветлување на тротоарите. На десетте 10-метарски столбови до внатрешните огради на мостот се поставени нови посовремени светилки, на декоративни конзоли. Столбовите се бојадисани во согласност со бојата на оградата и на канделабрите - вели градоначалникот Коце Трајановски.

Тој додава дека за осветлување на трупот на мостот се заменети постојните и нефункционални неонки и се поставени нови, 152 неонки со жолта боја. За амбиентално осветлување на контурите на мостот се поставени 76 рефлектори POWER LED 3,5 W коишто овозможуваат да дојде до израз светлозлатната боја на столпчињата од оградата на мостот. За осветлувањето на мостот „Гоце Делчев" се погрижија екипите на „Електра-комерц" Скопје, а за реализација на овој дел од проектот Градот Скопје одвои 3,7 милиони денари.





Претходно...

*Во Шуто Оризари*

# РЕКОНСТРУИРАНА УЛИЦАТА ПЕЛАГОНИЈА

Екипи на Градот Скопје минатиот месец ја реконструираа улицата Пелагонија, во општина Шуто Оризари. Во текот на градежните работи беше отстранет стариот и оштетен асфалтен слој, беше нанесен тампон, а потоа и нов асфалт. Коловозот на оваа улица е обновен во должина од 550 метри, на површина од 2 439 квадратни метри.

- Поради лошата состојба на овој дел од улицата Пелагонија решивме дека таа е приоритет  и ја реконструираме. Ние ќе продолжиме да реализираме проекти во овој дел на градот за да се подобри животот на граѓаните. Со овој зафат се реконструирани околу 550 метри од улицата Пелагонија, за што Градот Скопје издвои 3,2 милиони денари – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Во овој градежен зафат беа санирани и рабниците на улицата, а канализациските шахти беа нивелирани. Градежните работи ги изврши јавното претпријатие „Улици и патишта".




Претходно...

# ОБНОВЕН ПРВИОТ ДЕЛ ОД УЛИЦАТА КОЗЛЕ

Градот Скопје ја заврши првата фаза од реконструкцијата на улицата Козле, во општината Карпош. Во оваа фаза од градежните работи се обновени 444 метри од улицата, на потегот од последната станица на автобусот со број 57 до крстосницата со улицата Јуриј Гагарин.

Градежните работи на оваа сообраќајница ќе се одвиваат во три фази и ќе продолжат во зависност од временските услови. Од улицата Козле вкупно ќе се обноват 1 301 метар, се до крстосницата со улицата Нерешка. Во текот на градежните работи на првиот дел од улицата Козле оштетениот коловоз беше раскопан, беше обновена подлогата, а шахтите и сливниците беа нивелирани. На улицата е нанесен нов асфалтен слој и е асфалтирана површина од околу 3 150 квадратни метри. По должината на коловозот се поставени нови рабници во должина од 900 метри.

Од двете страни на обновениот дел од улицата Козле се формирани тротоари со променлива широчина од 80 сантиметри до 1,5 метри во зависност од постојните објекти и потпорни ѕидови на сообраќајницата. Тротоарите се покриени со бекатон плочки на површина од 850 квадратни метри. На првиот дел од улицата Козле поставена е и нова атмосферска канализација (Ф 315 мм и Ф 500 мм) во должина од 380 метри, со сливници и ревизиони шахти, што ќе обезбеди непречено одведување на атмосферските води.

На обнова на улицата Козле работеа екипите на градежната компанија „Пелагонија – Гостивар“. За реализација на првата фаза од реконструкцијата на улицата Козле Градот Скопје одвои околу 11,5 милиони денари. Целосната реконструкција на оваа улица ќе чини околу 26 милиони денари.



# АСФАЛТ ЗА ВТОРИОТ ДЕЛ ОД УЛИЦАТА ВОЛКОВСКА

На потегот од центарот на населеното место Волково до последната станица на автобусот со број 22, улицата Волковска на крајот на септември доби нов лик. Сообраќајницата е проширена и реконструирана во должина од 1 300 метри со што се решаваат долгогодишните проблеми на околните жители. Обновената делница е продолжување на реконструираниот дел од улицата Волковска, од пругата до центарот на населбата Волково, што Градот Скопје го заврши минатата есен.

На вториот дел од улицата Волковска беше саниран делот каде што се поставуваше фекална канализација, коловозот беше проширен и сега е широк 7 метри. Во должина од 1 300 метри на оваа улица е нанесен нов асфалтен слој на површина од 9 216 квадратни метри, а притоа се вградени околу 2 000 тони асфалт.

На проширување и реконструкција на вториот дел од улицата Волковска работеа екипите на ЈП „Улици и патишта“. Градот Скопје за реализација на овој проект од Буџетот одвои околу 12 милиона денари.

Проширувањето на вториот дел од улицата Волковска директно влијае врз зголемувањето на безбедноста во сообраќајот во ова населено место.





# РЕКОНСТРУИРАНИ НЕКОЛКУ УЛИЦИ ВО НАСЕЛБАТА УСЈЕ

Екипи на Градот Скопје го завршија проектот за проширување и реконструкција на неколку улици во населбата Усје коишто пред неколку години беа раскопани заради поставување водоводна мрежа. Во изминативе два месеца, се работеше на улицата број 1, којашто е реконструирана во должина од 400 метри и сега е широка 4 метри. Асфалтирана е вкупна површина од 1 600 квадратни метри.

Во населбата Усје деновиве беа проширени уште четири улици - улиците број 2, број 3, број 4 и број 22 во вкупна должина од 600 метри. Притоа е саниран и прекопот од претходно поставената водоводна мрежа. За проширување и асфалтирање на улиците во населбата Усје Градот Скопје од Буџетот одвои 3,3 милиони денари. На терен работеа екипите на ЈП„Улици и патишта".



## ГРАДСКИТЕ ПЛАЖИ ЗАТВОРЕНИ ЗА ОВАА СЕЗОНА

Официјалната сезона на Градската плажа-Парк и на Градската плажа-Камен мост заврши. Инвентарот и опремата од плажите ќе бидат повлечени и повторно ќе бидат поставени напролет, на почетокот на наредната сезона.

Градот Скопје е задоволен од годинешнава искористеност на капацитетите на двете плажи. Голем број наши сограѓани и посетители поминаа голем дел од летните месеци рекреирајќи се и разладувајќи се на брегот на реката Вардар.

Посебен интерес привлекоа одбојкарските игралишта коишто беа полни до доцните вечерни часови, во текот на целата сезона. Освен рекреативното користење, на овие игралишта се одржаа неколку квалитетни турнири во одбојка на песок.

Градските плажи оваа сезона беа и место каде што се одржаа повеќе културно-забавни хепенинзи.




## МОСТОТ ВО САРАЈ ЗАТВОРЕН ЗА СООБРАЌАЈ

Железниот мост на Вардар во Сарај е затворен за сообраќај поради безбедно одвивање на работите за изградба на новиот мост на реката. Сообраќајот во наредниов период ќе се одвива по заобиколниот пат, а може да се користи и обиколницата околу Скопје за влез во Сарај и во околните места.

Поради отежнатите услови на патот Градот Скопје ги известува возачите и другите учесници во сообраќајот да бидат крајно внимателни и да ја почитуваат поставената сигнализација за што побезбедно одвивање на сообраќајот.

## НОВ ПАРКИНГ НА УЛИЦАТА ВАСКО КАРАНГЕЛЕВСКИ

Паркиралиште за 220 возила од минатиот месец е отворено на улицата Васко Карангелевски, во населбата Аеродром. Паркингот се протега на површина од 2 415 квадратни метри, а за неговата изградба Градот Скопје одвои 5 милиони денари.

- Градот Скопје и натаму ќе работи на решавање на сообраќајниот метеж во градот и на отворање нови паркинг-места за да се надминат проблемите со коишто се соочуваат граѓаните – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Градежните работи на овој паркинг ги заврши јавното претпријатие „Улици и патишта".

## ЗИМСКО РАБОТНО ВРЕМЕ КАЈ ЗОНСКОТО ПАРКИРАЊЕ

Јавното претпријатие „Градски паркинг" од 01.11.2011 година го промени работното време на јавните паркиралишта на коишто е воведено зонското паркирање. Во зимскиот период, работното време на А, Б и Ц јавните површини на коишто се применува зонското паркирање ќе биде од 7 до 21 часот, од понеделник до петок, а во сабота работното време ќе биде од 7 до 14 часот.

Работното време на Д јавните површини на коишто се применува зонско паркирање ќе биде од 7 до 23 часот, од понеделник до сабота.

Оваа измена на работното време се организира за зимскиот периодот. Во недела и за државните празници, паркирањето во наведените зони е бесплатно.

Јавното претпријатие „Градски паркинг" ги известува граѓаните и дека на 1 ноември заврши сезоната за изнајмување велосипеди.



# КРЕДИТ ОД ЕБОР ЗА БУЛЕВАРОТ ПРВОМАЈСКА И ЗА СИСТЕМОТ ЗА КОНТРОЛА НА СООБРАЌАЈОТ



Градот Скопје и Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) на 14 октомври потпишаа договор за кредит во вредност од 5,6 милиони евра коишто Градот Скопје ќе ги искористи за модернизација на контролата на сообраќајот и за реконструкција на улицата Првомајска, една од клучните сообраќајници во градот. Во име на Градот Скопје договорот го потпиша градоначалникот Коце Трајановски, а во име на ЕБОР договорот го потпиша Лин О'Греди, заменик-директор за финансирање на проекти во општинската инфраструктура.

- Во Европската банка за обнова и развој најдовме сериозен партнер којшто ги препозна приоритетите за коишто се залагаме како локална самоуправа. ЕБОР ја поддржува модернизацијата на сообраќајниот систем во Скопје со кредит од 5,6 милиони евра со цел воведување модерен систем за контрола на сообраќајот и реконструкција на улицата Првомајска. Ова е првпат една локална самоуправа во Македонија да обезбеди финансиска поддршка директно од меѓународна финансиска институција, без државна гаранција. Со поддршката и средствата од ЕБОР ќе биде воведен модерен систем за управување на сообраќајот во Скопје, базиран на информациска технологија. Тој предвидува унапредување на сообраќајот на подрачјето на градот со воведување адаптивна контрола на сообраќајот преку инсталација на нови контролери на околу 70 раскрсници, оптичка мрежа за поврзување на семафорските контролери, нови сообраќајни уреди, знаци со променлива содржина, камери за надзор на сообраќајот, поврзување со постојните АВЛ системи во јавниот превоз и формирање Центар за управување и контрола на сообраќајот. Со кредитот од ЕБОР ќе се финансира и реконструкцијата на еден од основните сообраќајни коридори во Скопје, улицата Првомајска, односно улицата ќе се трансформира во сообраќајница со 4 ленти, со реконструирани тротоари, велосипедски патеки и нова сообраќајна сигнализација. Инвестициите во урбаната инфраструктура се клучен приоритет за Градот Скопје. Проектот го поддржува Градот во неговата посветеност за подобрување на квалитетот и безбедноста во сообраќајот. Ова прво партнерство меѓу ЕБОР и Градот Скопје ќе овозможи проектот да се имплементира во согласност со највисоките меѓународни стандарди – рече градоначалникот Трајановски, на потпишувањето.



Улицата Првомајска

Тој додаде дека имплементацијата на проектот е поддржан и со 880 000 евра техничка помош обезбедена од Банката и од Владата на Австрија.

Финансирањето на ЕБОР се надоврзува на програмата на ЦИВИТАС „Renaissance“, финансирана од ЕУ, а со којашто се иницираше во модернизацијата на сообраќајниот систем во Скопје

- Овој проект ќе обезбеди безбедност во сообраќајот, како за возачите така и за пешаците во главниот град на Македонија. Тоа ќе го намали времето на патување, како и загадувањето. Ние сме задоволни од соработката со Градот Скопје, во подготовката на овој важен проект за градот. Тој ќе биде одличен пример како директното кредитирање може да им помогне на општините во унапредување на локалната инфраструктура и услуги - рече Лин О'Греди, заменик-директор на тимот на ЕБОР за финансирање проекти во општинската инфраструктура.

Кампања

# „НАПРАВИ ПАМЕТЕН ПОТЕГ, КОРИСТИ ЈАВЕН ПРЕВОЗ"




„Направи паметен потег, користи јавен превоз" е името на кампањата којашто почна на 13 октомври, а треба да ги поттикне граѓаните помасовно да користат јавен превоз. Кампањата „Направи паметен потег, користи јавен превоз" е финансирана од Градот Скопје, ЈСП и од СИЗ Македонија сообраќај – АМЕРИТ.

- Целта на оваа кампања е да ја едуцираме јавноста за сите предности коишто произлегуваат од користењето јавен превоз, бидејќи тој е најекономичен, најбезбеден и најмалку ја загадува животната средина. Оваа кампања е составена од неколку видеоспотови и постери коишто во наредниов период ќе се емитуваат во медиумите - рече директорот на ЈСП, Мишо Николов, на стартот на кампањата.

Градоначалникот Коце Трајановски се осврна на активностите коишто беа преземени од Градот Скопје за подобрување на јавниот превоз.

- Во текот на 2011 година со пуштањето во сообраќај на 80 нископодни и 68 двокатни автобуси обновени се 50 проценти од возниот парк на ЈСП. До крајот на 2011 година ќе пристигнат уште 16 минибуси за руралните средини на градот. Очекуваме во 2012 година да пристигнат уште 67 двокатни автобуси и 16 панорамски автобуси, а 67 двокатни автобуси треба да пристигнат и во 2013 година - најави градоначалникот Трајановски.






## УРЕДЕНА ЖАРДИНИЕРАТА ВО ВЛАЕ

Екипи на Градот Скопје деновиве го завршија хортикултурното уредување на жардиниерата на булеваротПартизански одреди, на потегот од семафорите кај преминот „Влајко" до семафорите кај Порта Влае, во должина од 1 500 метри. Во жардиниерата, којашто е со површина од 2 113 метри, е засадена трева. Поставена е и хидрантска мрежа од 552 метри, а зеленилото ќе се полева со систем капка по капка.

Во средишниот дел на овој булевар имаше метална ограда, а со нејзината замена со жардиниера се подобри безбедноста во сообраќајот и се облагороди и зазелени просторот.

На уредувањето на жардиниерата работеа екипите на ЈП „Паркови и зеленило", а Градот Скопје од буџетот издвои околу 1,7 милиони денари.



## АКЦИЈА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ 2 500 САДНИЦИ

Градот Скопје и оваа есен ја продолжува традиционалната акција за доделување садници на сите заинтересирани куќни совети или урбани месни заедници. Во оваа акција Градот планира да додели 2 500 садници (листопадни, зимзелени дрвца и грмушки).

Заинтересираните куќни совети или месни урбани заедници поднесуваат барање за доделување садници до Секторот за комунални работи на Град Скопје, на булеварот Илинден 66. Субјектите во барањето го наведуваат видот на садниците што бараат да им се доделат, бројот и точната локација на којашто планираат да ги засадат дрвцата. На барањето треба да стои печат од куќниот совет или на месната урбана заедница.

На заинтересираните куќни совети или месни урбани заедници, на коишто ќе им бидат одобрени барањата, во оваа акција ќе им се доделат најмногу по 10 садници.

Акцијата на Град Скопје за доделување садници се организира четврта година по ред. Секоја година се доделуваат дрвца во вредност од два милиона денари, распоредени во две етапи, напролет и наесен. Доделувањето садници ќе продолжи и следната година.



# НОВ ЦВЕТЕН ПАЗАР ВО СКОПЈЕ





Скопје доби нов Цветен пазар, на локацијата спроти Домот на печатот. Новиот Цветен пазар е изграден на површина од 242 квадратни метри и располага со 16 цвеќарници. Цвеќарниците се поставени на платформа и се наредени во два реда, по осум од секоја страна. Изградбата на куќарките чини околу 3 милиони денари и е целосно финансирана од закупците, а вложените средства ќе им бидат одбиени од закупнината што треба да ја платат за наем на просторот што го користат.

Патеката меѓу цвеќарниците е покриена со бекатон плочки. Цветниот пазар има довод на електрична енергија и е поврзан на водоводната и на канализациската мрежа. На изградбата на платформата за Цветниот пазар работеа екипи на ЈП„Улици и патишта", а монтажните цвеќарници ги изгради фирмата ДПТТУ „Конструктор" од Скопје.

Екипи на ЈП „Паркови и зеленило" хортикултурно го уредуваат просторот околу Цветниот пазар. Околу платформата, на површина од 400 квадратни метри е засадена трева, а на потегот кон булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов ќе се засадат јавори.







Екипи на ЈП „Улици и патишта“ работат и на уредување на постојката на автобусите со број 23, како и на паркингот што ќе го стопанисува ЈП „Градски паркинг“. Градот Скопје за реализација на овој проект, односно за изградба на платформата на којашто се поставени цвеќарниците, за паркингот пред Цветниот пазар, за уредување на постојката на автобусот со број 23 и за паркингот што ќе го стопанисува ЈП „Градски паркинг“ од Буџетот ќе одвои околу 6 милиони денари.

Совет на Град Скопје

# ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НАСТРАДАНИТЕ ВО ЗЕМЈОТРЕСОТ ВО ТУРЦИЈА

Советот на Град Скопје на последната седница одобри парична помош за настраданите во катастрофалниот земјотрес што на 23 октомври го погоди градот Ван, во југоисточна Турција. Градот Скопје, како Град на солидарноста, одвои 1,5 милиони денари (25 000 евра) парична помош за настраданите и за санирање на штетите од земјотресот во градот Ван.

Градот Скопје досега несебично помогна за санирање на штетите од налетот на цунами брановите во Индонезија, по земјотресот во Сечуан, Кина, земјотресот на Хаити, за санирање на штетите од поплавите во Скадар, Албанија и по земјотресот во Јапонија.

## ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО СЕЛО ЉУБОТЕН

Градот Скопје ќе учествува во изградба на првата фаза од фекалната канализација во село Љуботен. Советот на Град Скопје ја одобри соработката со Општината Бутел за изградба на оваа фекална мрежа, со што значително ќе се подобрат условите за живот на локалните жители.

Вкупната проценета вредност на овој проект изнесува 7 милиони денари во коишто Град Скопје ќе учествува со 5 милиони, а Општина Бутел со 2 милиона денари.

## РЕШЕНИЈА ЗА СООБРАЌАЈНИТЕ ПРОБЛЕМИ ВО СКОПЈЕ

Градот Скопје ја продолжува реализацијата на проекти со коишто ќе се надминат проблемите со сообраќајната инфраструктура. Како еден од клучните проекти коишто ќе се реализираат за оваа цел е изградбата на подземната сообраќајница во централното градско подрачје.

За да се реализира овој проект, Советот на Град Скопје одобри задолжување на Град Скопје преку издавање обврзници во висина од 5 милиони евра во денарска противвредност. Со проектот е планирано да се изгради подземна сообраќајница којашто ќе ги поврзува булеварот Кузман Јосифовски – Питу со булеварите Илинден и Партизански одреди, со што ќе се овозможи директна врска меѓу источниот и западниот дел на градот. Подземната сообраќајница ќе биде во должина од 900 метри и профил од 14 метри, и е предвидено истата да биде опремена со системи за детекција на инциденти, на пожар, систем за видеонадзор, комуникациски систем за корисниците и итните служби, С.О.С. станици, систем за вентилација и знаци со променлива содржина и бариери.

Со изградбата на оваа подземна сообраќајница ќе се намали времето на патување од источниот до западниот дел на градот, ќе се зголеми брзината на патување, ќе се намали влијанието од сообраќајот врз животната средина, ќе се намали бучавата, ќе се зголеми нивото на безбедност во сообраќајот, а ќе се намалат и временските загуби на некои крстосници.

## ЌЕ СЕ ГРАДИ ЛИФТОВСКА ПЛАТФОРМА ВО МКЦ

Еден од главните приоритети на Градот Скопје е остварувањето социјална заштита на лицата со посебни потреби, односно подобрување на квалитетот на нивното живеење и создавање услови за независен живот. Во таа насока, Советот на Град Скопје одобри средства за набавка на една вертикална и една коса лифтовска платформа за лица со посебни потреби, во Младинскиот културен центар (МКЦ). Досега Градот Скопје има изградено пристапни рампи за лицата со посебни потреби во 5 градски културни институции, изградени се 18 пристапни рампи за лицата со посебни потреби во 12 средни училишта, а поставена е и лифтовска платформа за лица со посебни потреби во СУГС „Михајло Пупин“.



# СРЕДБА СО ПЕНЗИОНЕРИТЕ ВО РЦ „КАТЛАНОВО“

Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, на 19 октомври ги посети реновираните простории на Рекреативниот центар „Катланово“ што се наоѓа во Бањскиот комплекс „Катланово“, а е во сопственост на Сојузот на здруженијата на пензионерите на град Скопје. Реновирањето на овој комплекс е резултат на потпишаната Спогодба за соработка во повеќе области меѓу Градот Скопје и Сојузот на здруженијата на пензионерите на град Скопје (СЗП).

- Градот Скопје, минатата година преку потпишување на Спогодбата за меѓусебна соработка со Сојузот на здруженија на пензионерите на град Скопје ја официјализираше заложбата да им се помага на пензионерите во унапредувањето на културниот, рекреативниот, спортскиот и едукативниот живот, како и во остварувањето други социјални, пензиско-инвалидски и права од здравственото осигурување. Во 2011 година за реновирање на одморалиштето во РЦ „Катланово“ Градот Скопје од Буџетот одвои 350 000 денари, а идната година на сметката на СЗП ќе бидат префрлени дополнителни 500 000 денари, со коишто ќе продолжи процесот на оспособување на просториите за рекреација на пензионерите - рече градоначалникот Трајановски.




Градоначалникот Трајановски ја искористи посетата на одморалиштето во Катланово за да се запознае со 11-те нови претседатели на скопските здруженија на пензионери, избрани на последните пензионерски избори.

Претседателот на СЗП, Крсте Андоновски, истакна дека досега се реновирани дел од просториите во одморалиштето, односно во ходниците на првиот и на вториот кат се поставени плочки, а се реновирани и тоалетите на првиот кат.

- Откако постои нашето здружение, ова е првпат да добиеме средства за реновирање на одморалиштето каде што често престојуваме - потенцира Андоновски.

Центарот за одмор и рекреација е изграден пред 30 години и се наоѓа во Бањскиот комплекс – Катланово. Има капацитет од 60 легла во 30 соби и овозможува удобно и корисно рекреирање и одмор за пензионерите. Во Центарот пензионерите можат да користат бањски и медицински услуги коишто ги нуди Катлановска Бања. Во Скопје има околу 80 000 пензионери коишто се членови на општински здруженија, а сите припаѓаат на Градскиот сојуз на пензионери.






# „ПОЈАДОК НА МОСТ“ 2011




Над 2 000 граѓани на 18 септември појадуваа и се дружеа на Камениот мост во рамките на манифестацијата „Појадок на мост“ што годинава се одржа по вторпат. Градот Скопје ја организира оваа манифестација во чест на Мала Богородица, заштитничката на Скопје.

- Ми претставува задоволство што гледам дека оваа манифестација е прифатена од граѓаните и што годинава ќе има во поголем број. Овој заеднички појадок, на симболот на градот Скопје, Камениот мост, е доказ за сплотеноста на македонскиот народ со сите националности коишто живеат на овие простори - истакна градоначалникот Коце Трајановски.

Присутните гости на мостот и годинава ги послужуваа учениците од средното угостителско училиште „Лазар Танев“. Манифестацијата „Појадок на мост“ беше поддржана од голем број донатори, ресторани, пекари, супермаркети, како и производители и увозници на храна и пијалаци коишто донираа свои производи специјално за овој настан.

Настанот беше збогатен и со настапи на поголем број улични музичари.



# „ЗВУЦИТЕ НА ЧАРШИЈАТА“ 2011

Концертите на класична музика, фолклорните настапи на реномирани културно – уметнички друштва, оркестрите на народна музика, создавањето уметнички дела и ориенталниот танц беа само дел од содржините што на скопјани им ги понуди традиционалната културна манифестација „Звуците на чаршијата“, којашто се одржа на 22 септември на неколку локации во Старата скопска чаршија.



Оваа манифестација којашто годинава по шести пат се оддржа во срцето на Старата скопска чаршија, во организација на Културно информативниот центар, има за цел со својот мултикултурен и мултимедијален карактер да ја афирмира и анимира Чаршијата и да даде дополнителен импулс за нејзино културно реанимирање преку отворање на портите на уметноста, кретивноста и на забавата.









# СЕ ОДРЖА БЕЛА НОЌ 007

Повеќе од 70 настани, разни изложби, концерти, филмски проекции, промоции, како и мултимедијалниот спектакл на акробатската атракција на светски познатиот состав GRUPO PUJA ја одбележаа најдолгата културна ноќ во Скопје - „Бела ноќ 007" којашто се одржа на 17 септември.

Годинава, на повеќе локации низ градот се прикажуваа филмски проекции. Во Градското кино „Милениум" имаше целодневен филмски маратон, а проекции на отворено на огромно платно беа прикажувани и во Градскиот парк. Вљубениците во фотографијата имаа можност да ја погледнат изложбата „Counter photography" на единаесетмина современи јапонски уметници во Музејот на Град Скопје, а годинава за првпат имаше и организирана велосипедска туристичка обиколка на културно-историските знаменитости во градот со туристички водич.



Белата ноќ беше исполнета и со голем број музички настапи. На повеќе локации скопјани ги забавуваа улични изведувачи. Во МКЦ се одржа целовечерна забава посветена на музичарот Дејвид Боуви, а пред платото на КИЦ концерт одржаа составите „Silicon carne" (Дижон, Франција), „Фонија" (Скопје) и „The glasses" (Приштина).



Во рамките на „Бела ноќ" традиционално се одржа Streetball кошаркарски натпревар, меѓу мешани кошаркарски екипи од средните училишта на Град Скопје.

# МОТ ИСПИША УШТЕ ЕДНА СТРАНИЦА ОД НАШАТА ТЕАТАРСКА ИСТОРИЈА



Меѓународниот театарски фестивал „Млад отворен театар“ годинава беше комплетно распродаден. На 36-то издание на МОТ, за 9-те претстави од интернационалниот дел на фестивалот, 9-те домашни претстави, 3-те концерти, 2 промоции на книги и една инсталација се бараше и билет и место повеќе. И годинава селектор на програмата на фестивалот „МОТ 007“, што се одржуваше од 21-28 септември, беше македонскиот режисер Дејан Пројковски.

Фестивалот беше отворен со театарската претстава Турбо Парадизо на Theater Kosztolanyi Deszo, унгарски театар што работи во Суботица, Србија. Преостанатите 8 странски претстави беа: Чекална од Farm in the Cave Theatre, Чешка; Брехт – Хардкор Машина од Theater Kosztolanyi Deszo, Србија; Злосторство и казна од Mladinsko Theatre, Словенија; Последниот танц на Нижински од Mladinsko Theatre, Словенија; Медеја од Theatre Studio Eski Masjid, Узбекистан; Господа Глембаеви од Theatre Atelje 212, Србија; Надеж, монодрама на Петар Милошевски од Лондон и победничката претстава Ромео и Јулија од OKT-Vilnius City, Литванија. Звукот на коските што се кршат од Театра театар; Брод за кукли од Wonderland театар; Љубовницата/The Mistress од Intimate театар, Метаморфози од Охридски театар; Класен Непријател од Wonderland театар; Роберто Зуко од 11-мина театар; Слугинки од No Name театар; Јас, Љубам, Бог од Буден Театар и Неверство од ЦК театар, беа деветте македонски претстави што ја збогатија содржината на фестивалот.

Жирито на фестивалот беше во состав Александра Бошковска, Ѕвезда Ангеловска и Љубиша Никодиновски Биш. За најдобра претстава од независните театри е избрана Брод за Кукли на Нела Витошевиќ од Вондерленд театарот, а победничката театарска продукција, според гласовите на публиката, модерната верзија на Ромео и Јулија на литванскиот театар OKT-Vilnius City, доби награда од 200 000 денари за продукција на нова претстава, што својата премиера ќе ја доживее на следното издание на МОТ.

Во рамките на фестивалот се одржаа и две промоции на книги „Театарот на движење“ од Јозеф Наѓ и „0,1-Краток вовед во вечноста“ на Златко Славенски. На отворањето на фестивалот настапија легендите на американскиот арт рок Tuxedomoon, а во наредните вечери настапија домашните La Colonie Volvox со гостинот Теодосиј Спасов и Биоскопија.

Странските претстави се одржуваа во МОБ, Кино Фросина, МНТ и во Драмски театар, независните театри ги играа своите претстави во неконвенционални простори како клубови, дискотеки, кабареа и фоајеа на културни установи. Покровители на Млад отворен театар традиционално се Градот Скопје и Министерството за култура, а програмата ја реализира Младинскиот културен центар.



# ДЕТСКАТА МАНИФЕСТАЦИЈА „ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ“ НАПОЛНИ 20 ГОДИНИ

Од 23 до 25 септември скопјани имаа можност да уживаат во народните песни, музиката, танцот и раскошните носии со кои се претставија децата од Полска, Турција, Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина и од Македонија како дел од најмасовниот и најстар детски фестивал во земјава, „Оро без граници“. Фестивалот е во организација на Детскиот културен центар „Карпош“ и годинава го слави 20-годишниот јубилеј.

Овој фестивал со своето долгогодишно постоење зазема значајно место во културниот мозаик на нашиот град. -Овие млади луѓе ни упатуваат благородни и хумани пораки за градење мостови на пријателство, разбирање и почитување меѓу народите. Тие се пример како треба да градиме свет во којшто толеранцијата, творештвото и протокот на идеи и луѓе треба да бидат основните принципи врз кои што мора да почива човештвото. Токму овие универзални пораки кои што ги испраќа и негува Меѓународниот детски фолклорен фестивал „Оро без граници“ се основната идеја на неговото долгогодишно постоење и успешност - истакна градоначалникот Коце Трајановски на отворањето на фестивалот.

Во изминативе 20 години од организацијата на фестивалот „Оро без граници“ Скопје и Македонија биле домаќини на повеќе илјади странски и домашни гости и деца – играорци.



## Во чест на Тоше Проески

## УЛТРАМАРАТОНЦИТЕ ПРИСТИГНАА И ВО СКОПЈЕ

Осумнаесетте македонски атлетичари што учествуваа во традиционалниот ултрамаратон во чест на Тодор Проески-Тоше на 15 октомври пристигнаа и во Скопје, а на плоштадот „Македонија“ ги пречека градоначалникот, Коце Трајановски.

Трасата што ја трчаат ултрамаратонците е во должина од 1.100 километри од Нова Градишка, Хрватска, местото на несреќата каде што загина Тоше, преку Белград каде што традиционално се среќаваат со фановите на Тоше од Србија, низ Скопје до неговото родно Крушево. Овој ултрамаратон се реализира на иницијатива на Фондацијата „Тоше Проески“, а се одржува традиционално секоја година.



# УНИВЕРЗАЛНА САЛА ГО ПРОСЛАВИ 45-ОТ РОДЕНДЕН

Тереза Кесовија, Игор Џамбазов, Каролина Гочева, Ансамблот за народни игри и песни на Македонија „Танец“, Виолета Томовска и Калиопи беа само дел од врвните уметници коишто на 26 октомври во Универзалната сала ги одбележаа 45-те години постоење на оваа Јавна установа од областа на културата на Град Скопје. Манифестацијата по повод 45-от роденден се одржуваше под мотото „Универзална тогаш, сега и засекогаш“, а присутните имаа и можност да го гледаат документарниот филм снимен по повод овој јубилеј.





Непосредно по катастрофалниот земјотрес во Скопје, во 1963 година, почната е изградбата на Универзална сала, како трајно одбележување на хуманата акција на дарителите од странство. Официјално Универзална сала почна да работи на 1 јануари 1966 година. Извонредните сценски и капацитетни услови, заедно со сите придружни функции на објектот и амфитеатралната поставеност на гледалиштето овозможуваат оптимални услови публиката да ја следи реализацијата на концертите на класична, забавна, фолклорна, етно, блуз и џез музика, поетски манифестации, драмски претстави, модни ревии, презентации, конгреси, советувања, трибини, спортски манифестации и други приредби. Малата сцена со капацитет до 300 седишта, комплетно акустички решена, овозможува реализација на камерни претстави, концерти на сериозна и џез музика. Сценскиот простор со којшто располага салата овозможува повеќе варијанти на користење на сцената со вкупна површина од 400 квадратни метри.

Универзална сала располага со: гледалиште со капацитет од 1500 седишта, комплетно озвучување, светлосен парк, можност за аудио и видеозапис, концертен и полуконцертен клавир, простор за оркестрација, комплетни сценографски решенија, изложбен простор. Во Универзалната сала се одржани над 5000 настани од различни жанрови, на сцената продефилирале околу 50 000 домашни и странски уметници, а присуствувале над 7 милиони посетители.



# ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН ВИНСКИ ФЕСТИВАЛ






Многубројните посетители на петтиот по ред Интернационален вински фестивал „Вино-Скоп 2011“ што се одржуваше од 5 до 9 октомври на плоштадот „Македонија“ имаа можност да дегустираат вина од 30-тина домашни и странски винарии и да уживаат во богатата музичка програма.

- Традиционално, по петти пат, Градот Скопје дава придонес за промоција и афирмација на традиционалното македонско вино, како пред домашните, така и пред странските посетители, а соединувањето на традицијата и иновацијата во винарството со искрена љубов за производството на вино овозможува да се оствари крајната цел - производство на квалитетно вино со најдобра вредност за секој купувач - рече градоначалникот Коце Трајановски, на отворањето на фестивалот.

# „ВИНО-СКОП 2011“






Продажбата на сите производи на фестивалската територија се вршеше исклучиво со таканаречените “Вински денари” (бонови), што се продаваа на определените пунктови, а љубителите на овој пијалак на вистината можеа да купат и специјално испечатени чаши со грбот на фестивалот во пескарено стакло. Фестивалот „Вино-Скоп 2011“ се реализира на иницијатива и под покровителство на Град Скопје, а стручен организатор е друштвото за угостителство и трговија „OLD GRIPS PUB“ Д.О.О. Скопје.

# ФЕСТИВАЛ НА ОРГАНСКА ХРАНА




Под мотото „ОД ПРИРОДАТА ЗА МЕНЕ“ на 29 октомври на плоштадот „Македонија“ се одржа првиот Фестивал на органска храна. Целта на манифестацијата беше да го нагласи огромното значење на природните, органски производи за унапредување на здравјето на сегашните и на идните генерации, но и за одржување на биодиверзитетот.

На еднодневниот фестивал се претставија 30-тина производители на органска храна од земјава и регионот, коишто обезбедија вкусна, природна, органска храна за дегустација. Манифестацијата е во организација на Град Скопје и на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а во соработка со Федерацијата на производители на органски производи на Македонија.








### Денови на занаетчиството 2011

# ПРИЗНАНИЕ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ТРАЈАНОВСКИ

Во рамките на Деновите на занаетчиството во Република Македонија 2011 на 30 септември Занаетчиската комора на Скопје на градоначалникот Коце Трајановски му додели плакета за подобрување на севкупните услови за развој и унапредување на занаетчиството.

- Занаетите во градот Скопје се развивале низ векови и го достигнувале своето совршенство, оставајќи во наследство трајни вредности. Со отворањето на работилници и центри за обука, во коишто ќе се изучуваат занаетите, и во иднина ќе се изработуваат производи што ќе бидат спој меѓу старото, традиционалното и современото - изјави градоначалникот Трајановски на отворањето на манифестацијата „Занаетчиството и градот Скопје низ минатото и сегашноста“.

Градоначалникот Трајановски потсети на проектите на Град Скопје за развој и унапредување на занаетчиството, како што се: Формирање полигон на центри за обука, Центарот за креативни индустрии - Скопје, Град на древните занаети, Град на ракотворците, уметниците и занаетчиите, Звуците на чаршијата, Пролетен и новогодишен базар, Најдобар угостителски објект меѓу најдобрите, Гурмански викенд во Скопје, Фестивал на виното, Интернационална Тортијада, Фестивал на органска храна и Месец на трговијата.

# СЕ ИЗБИРА НАЈДОБРИОТ УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТ ВО СКОПЈЕ

Градот Скопје ја продолжува традицијата и по четврти пат во соработка со агенцијата SWOT Research избираат „Најдобар угостителски објект меѓу најдобрите“. За реализација на овој проект се избрани 50 ресторани и 50 гостилници на територијата на Скопје, а локалите ќе ги оценуваат 300 посетители, таканаречени независни и објективни тајни купувачи.

Реализацијата на проектот, којашто е во тек, ќе се одвива во неколку фази и според однапред одредени критериуми: прв контакт со гостите, изглед на просторијата, услуга на келнерите, квалитет на храната и завршен контакт со гостите. Врз основа на добиените резултати од истражувањето, ќе се изберат три најдобри ресторани и три најдобри гостилници коишто постигнале највисок вкупен резултат на испитаните елементи на услугата. На најдобрите ќе им биде доделено јавно признание во форма на плакета, што ќе им ги врачи градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.

Овој проект се спроведува веќе четири години по ред и се повеќе го буди интересот и кај угостителите, но и кај јавноста. Целта на проектот е да се разбуди свеста кај угостителите и кај граѓаните за важноста на квалитетот на услугата, односно односот со клиентите во угостителската дејност, како и да се подигне општото ниво на квалитет во угостителските објекти на територијата на градот.

НВО центар
NVO center

ЛОКАЦИЈА:
Младински културен центар – МКЦ
I кат
тел: 02/ 3 222 106
e-mail:
nvocentar@skopje.gov.mk



Бесплатно користење компјутери, интернет, простор за одржување обуки и семинари за НВО



www.skopje.gov.mk/nvo
Бесплатен Портал за вашите информации

## ПОЗНАТИ ДОБИТНИЦИТЕ НА НАГРАДАТА „13 НОЕМВРИ“ ЗА 2011 ГОДИНА

Одборот за доделување на Наградата „13 Ноември“ на Град Скопје за 2011 година одлучи престижната награда за поединци и група творци да им ја додели на:

- Од областа на науката - д-р Никита Шекутковски
- Од областа на образованието и воспитувањето - проф.д-р Љубинка Басотова
- Од областа на уметноста - Бојку Фејзи и Димитар Масевски
- Од областа на публицистиката - Борис Поп Ѓорчев
- Од областа на спортот - Бошко Заборски
- Од областа на хуманитарната активност - Александар Јаневски
- Од областа на стопанството - Мичо Поповски

Наградата „13 Ноември“ на Град Скопје во 2011 година за правни лица ја доби Здружението „Центар за истражување и информирање за животната средина „Еко-Свест“, а Иван Антоновски, Таско Смилески и Александар Степановски се годинешниве ученици и студенти, добитници на оваа позната градска награда.

Наградите на годинешниве добитници ќе им бидат врачени на свечената манифестација што традиционално се одржува на Денот на ослободувањето на Скопје.





## Одбележан Меѓународниот ден без автомобили, 22 Септември

# ЕВРОПСКАТА НЕДЕЛА НА МОБИЛНОСТ И ВО СКОПЈЕ



Градот Скопје активно го одбележа Меѓународниот ден без автомобили, 22 Септември и ги заокружи активностите што се организираа по повод Европската недела на мобилност 2011 (од 16 до 22 септември). Дефилето на пешаци и велосипедисти на 22 септември почна напладне од фонтаната „Лотосов цвет“ во Градскиот парк и се движеше по улиците низ центарот на градот до целта на плоштадот „Македонија“.

- Годинава Градот Скопје се придружи на големото семејство европски градови коишто секоја година ја организираат најраширената кампања за одржлива мобилност – Европската недела на мобилност во којашто членуваат и се активни неколку илјади градови од Европа со над 220 милиони жители. Мотото на годинешната недела „Алтернативна мобилност“ упатува на амбициозните цели што Европската унија ги постави пред земјите членки, а коишто треба да се исполнат до 2020 година. Тие се однесуваат на намалување на емисијата на стакленичките гасови, зголемување на енергетската ефикасност и поголемо користење на обновливи извори на енергија. Градот Скопје е најподготвен за учество во ваква голема манифестација и има со што да се претстави пред европската јавност. Тука,пред се, мислам на големите позитивни промени во јавниот автобуски превоз, како што се набавените нови 149 автобуси, новата автобуска линија до Средно Водно, проектот за обновување на сите 290 автобуски стојалишта, воведените дотации за учениците, бесплатниот превоз за пензионерите и друго. Моторите на автобусите се со стандарди ЕУРО 4 и ЕУРО 5 со што директно влијаеме врз квалитетот на возду-










хот во градот. Посебен придонес за заштита на животната средина има и жичницата до Милениумскиот крст – објаснува градоначалникот Трајановски.

Градот Скопје во изминатиов период интензивно работи на подобрување на условите во градот за користење велосипед.

- Со особено задоволство го истакнувам ангажманот на Град Скопје во создадените можности за организиран превоз на лицата со хендикеп, коишто беа дел од дефилето и на кои им беа посветени активности во еден од деновите на Европската недела на мобилност, под мотото „И јас се движам без автомобил, ако ми дадеш можност". Ги повикувам граѓаните да го користат јавниот превоз и да го прифатат мотото „Во град без мојот автомобил", со што ќе дадат личен придонес во заштитата на животната средина – додава градоначалникот Трајановски.

Во рамките на седумте дена од Европската недела на мобилност Градот Скопје организираше голем број активности коишто беа во функција на промоција на јавниот превоз, на велосипедскиот превоз, се промовираа можностите за дневен туризам во заштитените природни локалитети, се образуваа младите и им се делеа совети од областа на здравото живеење, сообраќајот и велосипедизмот, се зборуваше за влијанието на сообраќајот врз животната средина, за енергетската потрошувачка во областа на сообраќајот, односно за можностите за постигнување енергетска ефикасност во сообраќајот, за активностите за заштита на озонската обвивка, за помош на лицата со потешкотии во движењето и многу други активности.

Во текот на шест дена од неделата на мобилност беа поделени 1 000 наградни купони на возачите на моторни возила за бесплатен превоз во градските автобуси на 22 септември. Пополнетите наградни купони учествуваа во наградна игра во којашто беа доделени пет велосипеди, 50 блок-карти со десет бесплатни возења во автобусите на ЈСП, како и 100 награди - карти за целодневно бесплатно користење на велосипедите што се изнајмуваат на пунктовите за велосипеди.





„СКОПЈЕ"
ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО
НА ГРАД СКОПЈЕ
Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ" излезе на 10 декември 2008

**Главен и одговорен уредник**
Неделчо Крстевски

**Редакција**
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

**Уредник на фотографија**
Радомир Јовановиќ-Рацо

**Лектор**
Лидија Антоновска

**ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ**
**за издавачот**
**Градоначалник**
**Коце Трајановски**
Булевар Илинден 66
**Телефони**
02 3297 255
**меил-адреса**
gragjani@skopje.gov.mk
**Дизајн**
НАМПРЕС - Скопје
**Печати**
НАМПРЕС - Скопје



Мост „Гоце Делчев“